**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ТРИЕСЕТ И ВТОРАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 28.09.2023 година

**СКОПЈЕ, СЕПТЕМВРИ 2023 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Триесет и втората седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 28.09.2023 година**

Седницата започна во 12:15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Триесет и првата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Триесет и првата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **23 гласа "ЗА"**.

**********

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата **со следниот предлог за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на комисија за урбанизам, комунални работи,сообраќај и заштита на животната средина, бр.09-7228/2 од 27.09.2023 година се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**14.** Предлог - Одлука за прифаќање на предлог техничко решение за изведба на терциерна фекална канализациска мрежа во населено место Страчинци, Општина Гази Баба.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "14"** беше усвоен со **23 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "14" е составен дел на предложениот дневен ред а во врска со советничките прашања, го информираше

советот дека во согласност со член 18 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, кој став гласи: **"Прашањата се поставуваат и одговорите се добиваат како последна точка од дневниот ред."**, се констатира дека точката "14" од предложениот дневен ред ќе се разгледува како точка **"13",** а точката 13 - Советнички прашања ќе биде точка **"14"**.

Предлози за **изменување** на предложениот дневен ред.

**Сашо Начовски** ( ВМРО-НП дел од коалиција предводена од СДСМ):

Предложи точката "11" - Предлог - Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство во врска со инвестиционо, тековното одржување и користење на објект за спорт од локално значење во сопственост на Општина Гази Баба "Спортска сала при ООУ "Наум Наумовски - Борче", **да се симне** од предложениот дневен ред и предлогот го образложи.

Предлогот за изменување на предложениот дневен ред со предлогот **точка 11** да се симне од предложениот дневен ред беше ставен на гласање. Советот **не го усвои** предлогот со **5 гласа "ЗА", 18 гласа "ПРОТИВ" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"** .

За работата на седницата со **19 гласа "ЗА", 3 гласа "ПРОТИВ" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишен план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2024 година;
2. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година;
3. Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишен план за вработување на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје за 2024 година;
4. Предлог - Одлука за неприфаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Чешиново - Облешево;
5. Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2023 година;
6. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за поднесување на барање за обезбедување на финансиска поддршка за изработка на физибилити студија со техничка документација за собирен центар за цврст отпад за општините Гази Баба и Центар и физибилити студија со техничка документација за управување и третман на биолошки отпад (компостирање);
7. Предлог - Правилник за доделување стипендии на талентирани ученици, ученици спортисти и стипендии за ученици со посебни образовни потреби од Општина Гази Баба;
8. Предлог - Одлука за доделување на финансиски средства на фудбалски клуб Вардар АД Скопје;
9. Предлог - Одлука за намера за реализација на приоритетен проект - "Изградба на фекална канализација во населено место Гоце Делчев";
10. Предлог - Одлука за распишување Јавен повик за свикување на иницијативен одбор за конституирање на Локално собрание на млади на Општина Гази Баба;

11. Предлог - Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство во врска со инвестиционо, тековното одржување и користење на објект за спорт од локално значење во сопственост на Општина Гази Баба "Спортска сала при ООУ "Наум Наумовски - Борче";
12. Предлог - Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправен објект, по барање УП1 бр.28-6780 за КП 70 КО Маџари;
13. Предлог - Одлука за прифаќање на предлог техничко решение за изведба на терциерна фекална канализациска мрежа во населено место Страчинци, Општина Гази Баба; и
14. Советнички прашања.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, редоследно беа соопштени ставовите на комисиите на советот.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишен план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ), Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ), Никола Тутевски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ) и претставникот од ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, в.д директор Игор Атанасовски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Предлог - Годишен план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2024 година, со **16 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не го донесе** Заклучокот за усвојување на извештај за работата на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година, со **8 гласа "ЗА" и 14 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишен план за вработување на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: м-р Соња Зашовска (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ), м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ) и претставникот од ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, директор Анета Петровска.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Предлог - Годишен план за вработување на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје за 2024 година, со **19 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за неприфаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Чешиново - Облешево.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за неприфаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Чешиново - Облешево , со **24 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2023 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за поднесување на барање за обезбедување на финансиска поддршка за изработка на физибилити студија со техничка документација за собирен**

**центар за цврст отпад за општините Гази Баба и Центар и физибилити студија со техничка документација за управување и третман на биолошки отпад (компостирање).**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за поднесување на барање за обезбедување на финансиска поддршка за изработка на физибилити студија со техничка документација за собирен центар за цврст отпад за општините Гази Баба и Центар и физибилити студија со техничка документација за управување и третман на биолошки отпад (компостирање), со **23 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Правилник за доделување стипендии на талентирани ученици, ученици спортисти и стипендии за ученици со посебни образовни потреби од Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Марија Ѓошевска (Левица) и Сафет Адеми (ДУИ) и претставникот од општинската администрација - Васко Апостоловски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за доделување стипендии на талентирани ученици, ученици спортисти и стипендии за ученици со посебни образовни потреби од Општина Гази Баба, со **23 гласа "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за доделување на финансиски средства на фудбалски клуб Вардар АД Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ), Сафет Адеми (ДУИ) и Сашо Начовски (ВМРО-НП дел од коалиција предводена од СДСМ).

*Коментар од стручната служба:*

Пред заклучување на расправата, Градоначалникот на Општина Гази Баба го задолжи надлежниот сектор за финансиски прашања, да обезбеди извештај за реализираните средства.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата (со исправката на техничката грешка во текстот) ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за доделување на финансиски средства на фудбалски клуб Вардар АД Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за намера за реализација на приоритетен проект - "Изградба на фекална канализација во населено место Гоце Делчев".**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата (со измените во текстот) ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за намера за реализација на приоритетен проект - "Изградба на фекална канализација во населено место Гоце Делчев", со **24 гласа "ЗА"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за распишување Јавен повик за свикување на иницијативен одбор за конституирање на Локално собрание на млади на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот - Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ).

*Коментар од стручната служба:*

Во својата дискусија членот на советот Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ) побара тој и членот на советот - Филип Анастасов (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ) да бидат членови на иницијативниот одбор. Градоначалникот на Општина Гази Баба го прифати овој предлог и истовремено го задолжи надлежниот сектор за правни и општи работи да провери дали евентуално постојат законски ограничување членови на советот да бидат дел од иницијативниот одбор.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за распишување Јавен повик за свикување на иницијативен одбор за конституирање на Локално собрание на млади на Општина Гази Баба, со **23 гласа "ЗА"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство во врска со инвестиционо, тековното одржување и користење на објект за спорт од локално значење во сопственост на Општина Гази Баба "Спортска сала при ООУ "Наум Наумовски - Борче".**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска:**

Од стручната служба сум информирана дека по однос на оваа точка од членот на советот **Сашо Начовски** е **поднесен 1 (еден) амандман**, и тоа амандман бр.09-7480/1 од 28.09.2023 година. Ја започна амандманската расправа.

***АМАНДМАНСКА РАСПРАВА***

**А М А Н Д М А Н**
(**бр.09-7480/1 од 28.09.2023 година**)

Членот на Советот - **Сашо Начовски** го образложи поднесениот амандман.

Градоначалникот на Општина Гази Баба **не се произнесе** по поднесениот амандман.

Претседателот на Советот отвори претрес по поднесениот амандман.

Во расправата учествуваше Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот: Сашо Начовски (ВМРО-НП дел од коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по поднесениот амандман и истиот го стави на гласање.

Советот **не го усвои** предложениот амандман бр.09-74801 од 28.09.2023 година, со **5 гласа "ЗА", 16 гласа "ПРОТИВ" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Сашо Начовски (ВМРО-НП дел од коалиција предводена од СДСМ), Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ), м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ) и претставникот од општинската администрација - Васко Апостоловски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и на барање на членот на советот - Сашо Начовски (ВМРО-НП дел од коалиција предводена од СДСМ), врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, истата (со измените во текстот) ја стави на **поименично гласање** со прозивка од службеник од општинската администрација.

| Р.БРОЈ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ЗА | ПРОТИВ | ВОЗДРЖАН |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ДИЈАНА ИЛИЕВСКА | √ | | |
| 2. | м-р АЛЕКСАНДАР КАРОВСКИ | √ | | |
| 3. | м-р САШО КУКЕСКИ | √ | | |
| 4. | ТОНИ СИМОНОВСКИ | √ | | |
| 5. | *ФИЛИП АНАСТАСОВ | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | СИБЕЛА МАРКОВА | √ | | |
| 7. | ВИОЛЕТА ЗДРАВЕВСКА | √ | | |
| 8. | МАРТИН ДЕСПОДОВСКИ | √ | | |
| 9 | АНИТА ЦВЕТАНОСКА - МИЛЕСКА | √ | | |
| 10. | м-р АЛЕКСАНДАР КОВИЛОСКИ | √ | | |
| 11. | ДАЈАНА РИСТОВСКА | √ | | |
| 12. | м-р ИВАН СИМОНОВСКИ | √ | | |
| 13. | м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ | √ | | |
| 14. | НИКОЛА ТУТЕВСКИ | √ | | |
| 15. | м-р СОЊА ЗАШОВСКА | √ | | |
| 16. | ГОРДАНА ЈОВИЌ - СТОЈКОВСКА | √ | | |
| 17. | *ДАРКО СТОЈАНОВСКИ | | | |
| 18. | ВЛАТКО РИСТОВСКИ | | | √ |
| 19. | МАРИЈА ЃОШЕВСКА | | | √ |
| 20. | САФЕТ АДЕМИ | | | √ |
| 21. | АЛЕКСАНДАР САША ДИМИТРИЈЕВИЌ | | | √ |
| 22. | СУЗАНА ТРПКОВСКА | | | √ |
| 23. | ПЕНКА ЧУДО | √ | | |
| 24. | САШО НАЧОВСКИ | | | √ |
| 25. | *МИРЕЛА ПОТУРОВИЌ | | | |
| 26. | м-р МАРТИН РИСТОВ | | | √ |
| 27. | *БЕРАТ ВЕСЕЛ | | | |

*** Не бил присутен во тек на гласање**

Советот ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство во врска со инвестициono, тековното одржување и користење на објект за спорт од локално значење во сопственост на

Општина Гази Баба "Спортска сала при ООУ "Наум Наумовски - Борче", со **16 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**По паузата.**

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправен објект, по барање УП1 бр.28-6780 за КП 70 КО Маџари.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправен објект, по барање УП1 бр.28-6780 за КП 70 КО Маџари, со **16 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за прифаќање на предлог техничко решение за изведба на терциерна фекална канализациска мрежа во населено место Страчинци, Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за прифаќање на предлог техничко решение за изведба на терциерна фекална канализациска мрежа во населено место Страчинци, Општина Гази Баба, со **22 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Советнички прашања.**

**м-р Александар Каровски** (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. До каде е пробивањето на улицата покрај амбулантата во населба Автокоманда ?;
2. До каде е постапката за одобрување на сообраќајниот проект за воведување на зонско паркирање во населба Автокоманда ?;
3. Околу парното греење и барањата од советот на урбаната заедница Автокоманда, дали може како општина да покренеме постапка за враќање/поврзување на населбата на претходниот систем за топловодно греење (преку Елем Енергетика) ?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањата беа одговорени, дополнителни прашања не беа поставени.

**Сузана Трпковска** (коалиција предводена од СДСМ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Дали и кога ќе продолжи израдбата на фекалната канализација во н.м Трубарево во делот на Чукур маало, започната во 2018 година ?;

2. Дали се планира и кога би започнала изградбата на градинка во н.м Трубарево ?;

*Коментар од стручната служба:*

Прашањата беа одговорени, дополнителни прашања не беа поставени.

**Сафет Адеми** (ДУИ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Кога се планира реконструкција (крпење на дупките) на улиците: ''Антон Попов'' 11, ''Алија Авдовиќ'' 12 и ''Алија Авдовиќ'' 24 (''Бошњачка улица'') ?;

2. Кога се планира реконструирање на детското катче (со реквизити) во дворот на стариот објект на ООУ 25 Мај ?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањата беа одговорени, дополнителни прашања не беа поставени.

**Марија Ѓошевска** (Левица):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. До каде е постапката во однос на иницијативата на ''Левица'' за финансиска поддршка на бранителите (од 26 седница од советник Дарко Стојановски) ?;

2. Кога планирате да го повикате началникот на ПС од ОН Гази Баба да даде отчет пред советот за сработеното ?; и

3. Дали во општината имаме Центри за згрижување на жртви од семејно насилство ?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањата беа одговорени, дополнителни прашања не беа поставени.

Во одговорот на **првото** прашање, Градоначалникот на Општина Гази Баба го задолжи надлежниот сектор за правни и општи работи да ги превземе сите активности во насока на спроведување на претходно донесените одлуки на советот од 2019 година и формирање на комисија во нов состав на предлог на координаторите на советничките групи и општинската администрација.

**м-р Сашо Кукески** (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ):

1. Што ќе превземеме како општина за останатите улици во Хиподром 2 кои не се опфатени со проектот за изградба на инфраструктура (опфатени се само улиците: "Жан Жорес", "6", "7", "8", "10" и "11") ?;

2. До каде е постапката за изградбата на новиот мултифункционален спортски центар во ООУ "Вера Јоциќ" ?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањата беа одговорени, дополнителни прашања не беа поставени.

**Александар Саша Димитријевиќ** (коалиција предводена од СДСМ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Кој е крајниот рок за решавање на проблемот со паркирањето во населба Автокоманда и дали сте сеуште на ставот дека ЈП "Градски Паркинг" - Скопје треба да стопанисува со зонското паркирање во населба Автокоманда ?; и

2. Околу актуелниот проблем со отварање на дополнителните училишни паралелки во ООУ "Његош" во н.м Јурумлери, кој е вашиот план и визија за решавање на овој проблем ?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањата беа одговорени, дополнителни прашања беа поставени.

**Сашо Начовски** (ВМРО-НП дел од коалиција предводена од СДСМ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Дали планирате да се среди патеката која води до споменикот на осудените за самобитноста на Македонија на плоштадот во населба Автокоманда ?;

2. Дали може да се достави информација за тоа колку има вкупно дивоизградени објекти по влегување во сила на Законот за постапување со бесправно изградени објекти и за колку вкупно општината има издадено решенија за рушење ?;

3. Дали се планира на улицата "Лазар Поп Трајков" во делот каде се вкрстува со улицата "Трифун Хаџијанев" поради безбедносни причини да се постави препрека за ограничување на брзината бидејќи во вечерните часови возилата се движат со огромна брзина?; и

4. Што се планира со кучињата скитници на територијата на општината, посебно во населба Автокоманда ?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањата беа одговорени, дополнителни прашања беа поставени.

Во одговорот на **второто** прашање, Градоначалникот на Општина Гази Баба го задолжи надлежниот сектор за инспекциски работи - инспекторат да достави писмена информација до членот на советот.

**Никола Тутевски** (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ):

1. До каде е постапката за изгадба на градинката кај "Мерцедес" и каде е застојот во реализацијата на овој проект ?;

*Коментар од стручната служба:*

Прашањето беше одговорено, дополнителни прашања не беа поставени.

**м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Дали Градоначалник ќе ни ја презентира физибилити студијата за ЈПП за уличното осветлување која помина на претходната седница на советот и дали е тоа истата или променета физибилити студија од претходниот мандатен период 2017-2021 година и што тоа значи (новата физибилити студија) во временска рамка и финансиски средства за општината ?;

2. Дали може да добијам извештај за работата на градежниот инспектор на општината за овие 2 (две) години ?; и

3. До каде е реализација на проектите за реконструкција на улицата "Перо Наков" и трета лента на булевар "Александар Македонски" ?.

*Коментар од стручната служба:*

Во одговорот на **првото** прашање, Градоначалникот на Општина Гази Баба делумно го одговори и го задолжи надлежниот сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности да достави писмена информација до членот на советот.

Во одговорот на **второто** прашање, Градоначалникот на Општина Гази Баба го задолжи надлежниот сектор за инспекциски работи - инспекторат да достави писмен извештај до членот на советот.

Третото прашање беше одговорено, дополнителни прашања беа поставени.

**Влатко Ристовски** (Левица):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Кога се планира реконструкција на паркот и поликлиниката во Ченто кои се во катастрофална состојба ?;

2. Дали ќе се среди проблемот со дивите препродавачи на пазарот во Ченто ?; и

3. Кога се планира реконструкција на улицата ''Срећко Пужалка'' ?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањата беа одговорени, дополнителни прашања не беа поставени.

**Тони Симоновски** (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Кога се планира почеток на изведбата на бетонскиот канал на улица ''6'' во н.м Стајковци ?; и

2. Дали постои можност да се обноват постоечките и да се постават нови сообраќајни знаци и пешачки премини на улица ''1'' во н.м Стајковци ?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањата беа одговорени, дополнителни прашања не беа поставени.

*Коментар од стручната служба:*

Поради избегнување на можни ненамерни грешки и непотребна слободна интерпретација на одговорите на Градоначалникот од страна на стручната служба - изготвувач на записникот и нивно нотирање во текстот на записникот, **одговорите на Градоначалникот во автентична изворна форма се достапни преку аудио записот од седницата на советот, како составен дел на записникот**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Триесет и втората седница на Советот на Општина Гази Баба, во **16** часот.

**Број 09-7740/2**
**од 19 октомври 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот